# ЕСМ Соларни фото-волтаици Битола 3

| Држава | Северна Македонија |
|---|---|
| Број на проект | 56383 |
| Деловен сектор | Генерирање на соларна електрична енергија |
| Вид на проект | Државна сопственост |
| Еколошка категорија | |
| Датум на одобрување | 3 декември 2025 |
| Статус | Чека на одобрување |
| Датум на објавување на англиски јазик | 2 септември 2025 |

## Опис на проектот

ЕБОР размислува за доделување на заем гарантиран со државна гаранција до 37 милиони евра на АД Електрана Северна Македонија (Компанијата или ЕСМ) за финансирање на развојот на фото-волтаичната централа Битола 3. Проектот вклучува изградба на соларна фото-волтаична централа од 134 MWdc на местото на затворениот (веќе исцрпен) рудник за јаглен во Битола во Северна Македонија (Проектот). Вкупната проценета вредност на проектот изнесува 87 милиони евра, која треба да биде кофинансирана со гарантиран заем од 50 милиони евра од Кредитниот институт за развој (Kreditanstalt für Wiederaufbau-KfW).

## Цели на проектот

Проектот ќе испорача 134 MWdc ново-инсталиран капацитет за обновлива енергија, генерирајќи околу 175.947 MWh зелена електрична енергија годишно и резултирајќи со намалување на емисиите на $CO_2$ од 130.729 $tCO_2$. Проектот е 100% под категоријата за транзиција на зелената енергија и претставува клучна приоритетна инвестиција во рамките на Платформата за инвестирање во праведна енергетска транзиција (Just Energy Transition Investment Platform - JETIP), водечка иницијатива лансирана во 2023 година од страна на македонските власти, со техничка поддршка од ЕБОР.

## Влијание врз транзицијата

ЕТИ резултат: 71

Проектот е насочен кон квалитетот на зелената транзиција, бидејќи вклучува изградба и работа на фотоелектрична централа од 134 MWdc на местото на експлоатираниот рудник за јаглен во Битола, со што се зголемува капацитетот за производство на зелена енергија и се забрзува постепеното исфрлање на јагленот во Северна Македонија.

Проектот, е насочен и кон квалитетот за добро управување придонесувајќи за подобрување на стандардите за корпоративно управување на компанијата. Ова ќе се постигне преку спроведување на антикорупциски мерки, вклучувајќи програми за обука и развој на внатрешни политики и процедури за усогласување. Овие напори ја воспоставуваат основата за новоформираниот внатрешен оддел за усогласување на компанијата, овозможувајќи му да обезбеди информативни насоки и проценки за критичните прашања за управување, како што се конфликт на интереси и корупција.

## Информација за клиентот

ЕЛЕКТРИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД

ЕСМ е јавно претпријатие за производство на електрична енергија, во целосна сопственост на Владата на Северна Македонија. Компанијата обезбедува околу 90% од целокупното домашно производство на електрична енергија.

## Резиме на финансирањето од ЕБОР

37.000.000,00 евра

## Вкупна вредност на проектот

87.000.000,00 евра

## Додадена вредност

ЕБОР нуди финансирање кое не е достапно на пазарот со услови потребни за структурирање на проектот. Покрај тоа, банката го поддржува спроведувањето на сеопфатна антикорупциска програма за усогласување. Ова вклучува воспоставување на ефективна функција за усогласување одговорност за надзор во текот на работењето на компанијата, обезбедувајќи интегритет и одговорност во текот на нејзините активности. Ова треба да се дефинира во акциониот план за борба против корупцијата, развиен во соработка со Канцеларијата на главниот службеник за усогласување на ЕБОР.

ЕБОР обезбедува големо знаење за енергетскиот сектор и нејзиното водство во Платформата за инвестиции во транзиција на енергија (Just Energy Transition Investment Platform -JETIP), кои се од значење за навремената реализација на целите на проектот, вклучувајќи поддршка за зајакнување на капацитетот на ЕМС.

## Еколошко и социјално резиме

Категоризирани Б (согласно Еколошките и социјални политики од 2024 година) бидејќи влијанијата поврзани со проектот беа лесно идентификувани и најчесто специфични за локацијата и може да се решат преку спроведување на Планот за управување со

животната средина и социјалната посветеност (Environmental and Social Action Plan - ESCP).

Еколошката и социјалната проценка  (Environmental and Social Due Diligence - ESDD) била извршена од страна на независен консултант определен од Кредитниот институт за развој, и вклучувала преглед на еколошкото и социјално работење на ЕСМ, местото на проектот и активностите. Како дел од Еколошката и социјалната проценка на банката, Еколошкиот и социјалниот оддел, го прегледа независниот извештај на Еколошката и социјалната проценка и целата релевантна еколошка и социјална документација. Ова ги исполни барањата на банката и е во согласност со стандардите на меѓународните финансиски институции.

ЕБОР обезбеди дополнителни коментари и барања кои биле вклучени во Планот за управување со животната средина и социјалната посветеност, за да се усогласат со Еколошките и социјални политики, и најдобрите практики на банката. Нетехничко резиме и план за ангажирање на акционерите се подготвени за проектот и ќе бидат објавени од страна на компанијата.

Еколошката и социјалната проценка покажа дека еколошките и социјални влијанија, поврзани со овој проект се типични за слични фотоволтаични соларни централи, најчесто за време на фазата на изградба, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на користење на вода; краткорочни влијанија од изградбата и зголемувањето на сообраќајот; здравјето и безбедноста за време на изградбата и работата; работни прашања и ангажман на заедницата, согласно Планот за управување со животната средина и социјалната посветеност.

Ризиците за здравјето и безбедноста на околните заедници се ограничени и најчесто се поврзани со фазата на изградба и може да се избегнат или ублажат преку практиките на Еколошки и социјални пракси за здравјето. Проектот вклучува мерки за управување со професионалните и општествените ризици за здравје и безбедност. Проектот не се наоѓа во близина на чувствителни човечки рецептори или рецептори за биодиверзитет.

Проектот не вклучува физичко раселување; сепак, ќе има некои влијанија врз егзистенцијата на пасиштата за некои сточари и други приватни земјопоседници долж патот на подземните земјишта. Влијанијата се делумни и привремени, сепак за време на Еколошката и социјалната проценка, беше подготвена рамка за обнова на егзистенцијата. Ова ќе биде развиено во план за обнова на егзистенцијата во согласност со барањата на банката. Ризиците за здравјето и безбедноста на околните заедници се ограничени и најчесто се поврзани со фазата на изградба и може да се избегнат или ублажат преку практиките на Еколошките и социјални пракси за здравје и безбедност. Проектот ЕСМП вклучува мерки за управување со професионалните и општествените ризици. Проектот не се наоѓа во близина на чувствителни човечки рецептори или рецептори за биодиверзитет.

Во текот на Еколошката и социјална проценка беа оценети влијанијата врз биодиверзитетот кои се со привремени влијанија поврзани со изградбата и кои ќе бидат

управувани со мерки за заштита/управување со биодиверзитетот како што е договорено во Еколошкиот и социјален менаџмент план

Ризиците во синџирот на снабдување на добавувачите на фотоволтаични панели ќе бидат управувани преку интеграција на барањата на банката за управување со суверени проекти во барањата за набавка. Релевантните мерки за мапирање на синџирот на снабдување, презентација на декларација и без приговори на Кредитниот развоен институт и ЕБОР, како и верификација на изворите од оценетите снабдувачи се исто така вклучени во Планот за управување со животната средина и социјалната посветеност. Планот за управување со животната средина и социјалната посветеност е структуриран да ги задоволува барањата на Еколошките и социјални политики и вклучува мерки за управување со платениците за понатамошна контрола и управување со умерени ризици. Банката ќе го следи спроведувањето на проектот преку редовно известување и посети на локацијата ако е потребно.

## Зелена проценка

Проектот е утврден како усогласен со целите за ублажување на последиците од Парискиот договор врз основа на примената на пристапот на ЕБОР за директно финансирани инвестиции.
Проектот е усогласен со целите за ублажување од Парискиот договор, бидејќи се наоѓа на заедничката листа на мултилатералните развојни банки во категоријата ,,Производство на обновлива енергија од сончева енергија, ветер, бранова енергија, хидро или геотермални со занемарливи емисии на зелено стакленички гасови во животниот циклус". 100% од финансирањето на ЕБОР е класифицирано како зелено финансирање, бидејќи ги поддржува активностите за постигнување на целите за ублажување на климата преку примена на обновлива енергија. Референцирањето е направена во согласност со методологијата за одредување на зелените финансии на инвестициите на ЕБОР.

## Техничка соработка и финансирање со грант

Техничка помош ќе биде обезбедена за развој на внатрешни политики и процедури за усогласување. Тие ќе ја формираат основата за функцијата за усогласување на компанијата, овозможувајќи ѝ да понуди информирани насоки и проценки за прашања како што се конфликт на интереси и корупција.

## Контакт информација за компанијата

Иван Стојановски
ivan.stojanovski@elem.com.mk
+389 70 582 521
+389 2 3149 160
https://www.esm.com.mk/
11 Октомври, број 9, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

## Разбирање на транзицијата

Натамошни информации во врска со пристапот на ЕБОР кон влијанието врз транзицијата, може да се проверат тука.

## Деловни можности

За бизнис можности или набавки, контактирајте ја компанијата клиент.

За бизнис можности со ЕБОР (кои не се поврзани со набавка) контактирајте нé на:

Телефон: +44 20 7338 7168

Електронска адреса: projectenquiries@ebrd.com

За проектите на Банката со државниот сектор,  посетете ја веб страната Набавки на ЕБОР:

Телефон: +44 20 7338 6794

Електронска адреса: procurement@ebrd.com

## Општи прашања

За сите прашања околу проектите, можете да не контактирате преку онлајн Образецот за прашања за ЕБОР.

## Еколошки и социјални политики (ЕСП)

ЕСП и релевантните Барања за работење (БР) ги воспоставуваат практиките преку кои ЕБОР ги имплементира обврските за промовирање на „еколошки стабилен и одржлив развој". ЕСП и БР вклучуваат специфични одредби за клиентите, кои треба да ги следат, заедно со применливите барања од локалните закони за јавно информирање и консултациите, како и воспоставување на механизми за жалба кои треба да ги добијат и да изнајдат решение за забелешките и поплаките на клиентите и засегнатите страни, особено за еколошкото и социјалното работење на клиентот и самиот проект. Пропорционално со природата и рамката на проектниот еколошки и социјален ризик и влијание, ЕБОР дополнително бара неговите клиенти да објават

информации, согласно релевантните пракси, кои се поврзани со ризиците и влијанијата кои се појавуваат во проектите, да превземат разумни консултации со учесниците во проектот, и да ги разгледаат и да одговорат на поставените прашањата.

Повеќе информации за праксите на ЕБОР поврзани со оваа проблематика може да пронајдете тука.

## Интегритет и усогласеност

Канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност (КГСУ) на ЕБОР, промовира добро владеење и обезбедува услови за имплементирање на највисоките стандарди на интегритет за сите активности на Банката, согласно најдобрите меѓународни пракси. Проверката на интегритетот се врши на сите клиенти на Банката, со цел да се обезбедат услови проектите да не претставуваат неприфатлив ризик за интегритетот или репутацијата на Банката. Банката верува дека идентификувањето и разрешувањето на проблемите во фазите на одобрување на проектот, се најефикасни средства за обезбедување на интегритетот на трансакциите на Банката. КГСУ игра клучна улога во овие заштитни напори, но помага и во мониторинг на ризиците поврзани со интегритетот на проектите во пост-инвестициската фаза.

КФСУ е одговорна и за испитување на обвинувањата за измама, корупција и лошо владение во проектите кои се финансирани од ЕБОР. Било кој во или вон Банката, кој се сомнева дека има измама или корупција, треба да достави писмена забелешка до канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност, на електронска адреса на compliance@ebrd.com. Сите работи кои ќе бидат пријавени, ќе бидат обработени од страна на КФСУ и ќе следи соодветна активност. Сите пријави, вклучувајќи ги и анонимните, ќе бидат разгледани. Приговорите може да бидат поднесени на било кој јазик кој се користи во Банката или јазик во земјите каде Банката има свои канцеларии. Доставените информации мора да бидат за општа добра намера.

## Пристап до Политика на информации (ППИ)

ППИ пропишува како ЕБОР ги објавува информациите и се консултира со учесниците во проектот, со цел да промовира подобро спознавање и разбирање на стратегиите, политиките и проектите, следствено нивното стапување на сила од 1 јануари 2020 година. Ве молиме проверете на овој линк - Пристап до политики

за информирање, за да дознаете кои информации се достапни на веб страната на ЕБОР.

Посебни барања за информации може да се достават преку Формуларот за прашања за ЕБОР.

## Независен механизам на приговори за проектот (НМПП)

Доколку справувањето со забелешките на клиентите или Банката, околу еколошките, социјалните и јавните објави на информации не се успешни (на пример, преку механизмите на жалба на ниво на клиент - проект или преку директна интеракција со менаџментот на Банката), поединците и организациите може да бараат нивните забелешки да се разгледаат преку релевантниот независен механизам на приговор за проекти на ЕБОР, креирани за оваа намена.

НМПП независно ги разгледува аспектите на Проектот кои се верува дека предизвикале (или има веројатност дека ќе предизвикаат) штета. Целта на механизмот е да поддржи дијалог помеѓу учесниците во Проектот во разрешување на аспектите од еколошки, социјални и јавни објави на информации; да определи дали Банката ги испочитувала еколошките и социјалните политики или одредбите кои се поврзани со проектот, во однос на Пристапот до политиките на информирање, и онаму каде што е релевантно, да се справи со било кои постоечки неусогласености со овие политики, истовремено спречувајќи идни неусогласувања со Банката.

Посетете ја веб страната Независен механизам за проектната отчетност (НМПО) за да дознаете повеќе за активностите и мандатот на истиот. Можете да поднесете барање за ревидирање или директно да го контактирате НМПО на електронската адреса ipam@ebrd.com  за да добиете упатства и повеќе информации за НМПО и за начинот на поднесување барање.